## Акционен план за Инклузија на Ромите и Роми бегалци

## Статус на реализација на активности заклучно со ноември 2013 година

### ***АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ***

| Мерки /Активности | Индикатор | Временска рамка | Буџет во Евра | Носители | Статус | Кратко образложение |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Информирање за можностите за стекнување на квалификации за работа | • Број на информативни кампањи (т.е. Ромски информативен центар, невладини организации, итн.);<br>• Број на информативни материјали (на ромски и македонски јазик) – постери, летоци, интернет објави;<br>• Број на лица запишани на курсеви;<br>• Големина на буџет:<br>o Доделен;<br>o Потрошен; | 10.2011<br>09.2012 | | Министерство за труд и социјална политика<br><br>Агенција за вработување | / | Информација за достапни програми за здобивање со одредени квалификации. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1. Изготвување на посебни програми за професионална преквалификација на Роми | • Број на учесници Роми запишани во програмите за преквалификација;<br>• Број на учесници кои успешно ги завршиле програмите за преквалификација;<br>• Квалитативно: ниво на задоволство на учесниците; | 10.2011<br>09.2012 | | | Во 2013 година, продолжува со реализација нов Оперативен план за активни програми и мерки за вработување за 2013 година во кои се вклучени програми со кои се овозможува вклучување на Ромите како ранлива целна група кои ќе ја подобрат нивната вработливост преку обуки, или преквалификација односно директно вработување преку грантови. Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот: аплицирале вкупно 30 лица Роми од кои обуките ги следеле вкупно 14 лица Роми и од нив сите 14 лица добиле сертификат. | Поради неусогласеност помеѓу образовниот систем и потребите на пазарот на трудот,потребно да се спроведат специјализирани програмза преквалификација, со цел стекнување поголеми знаења и успешно партиципирање во пазарот на трудот. Нема да бидат изработени посебни програми за професионална преквалификација согласно договореното во Оперативен план за активни програми и мерки за вработување 2012-2013, Ромите да бидат предвидени како целна група во сите програми и мерки за вработување |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. Креирање на Програми кои ќе предвидуваат афирмативни мерки за вработување на Роми во приватниот сектор. | • Број на развиени програми;<br>• Број на реализирани програми;<br>• Број на бизниси зантересирани за програмите;<br>• Број на општини кои учествуваат во програмите;<br>• Број на Роми запишани во програмите;<br>• Број на Роми кои останале во работен однос по завршувањето на програмата;<br>• <u>Квалитативно:</u> ниво на задоволство на учесниците;<br>• <u>Квалитативно:</u> ниво на задоволство на приватните бизниси од учеството во ваквите програми; | 10.2011<br>09.2012 | | Министерство за труд и социјална политика<br><br>Агенција за вработување на Република Македонија<br><br>Локална Самоуправа | Програма за Субвенционирање на вработување: аплицирале вкупно 91 лица Роми од кои 12 лица потпишале договор односно се вработиле.<br>Практиканство како прво работно искуство до вработување: 13 лица Роми поднеле пријава, а со 2 лица има склучено договор. | Потребно е да се воспостави интегриран пристап од страна на Агенцијата за вработување со општините и приватниот сектор, во делот на изнаоѓање на модел за посредување и мотивирање на истите, со цел да се вработат Роми. |
| 3. Зголемување на правичната застапеност на Ромите во јавната администрација | • Број на Роми вработени во јавната администрација во 2011;<br>• Број на Роми вработени во јавната администрација во 2012;<br>• Усвоена регулатива за принципот на квотата | 10.2011<br>09.2012 | | Секретаријат за спроведување на Охридскиот рамковен договор | | До крајот на 2011 година, во рамките на К-5 Програмата за вработување на припадниците на заедниците преостанува да се реализираат уште 332 вработување. Програмата за |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | за Роми („праведна“ застапеност на Ромите вработени во јавната администрација); | | | | | вработување на припадниците на заедниците за 2012 година предвидува вработување на 550 лица Да се осигура одреден процент од истите да се однесува на Ромите. |
| 3.1 Промовирање на афирмативни мерки за вработува во рамки на проектите финансирани од Владата на Република Македонија. | • Број на промотивни програми;<br>• Број на вработени Роми во проекти финансирани од Владата;<br>• Број на самовработени Роми во проекти финансирани од Владата;<br>• Број на Роми и ромски организации кои дејствуваат како имплементатори;<br>• Број на грантови финансирани од државата;<br>• Големина на грантовите:<br>o Планирани;<br>o Имплементирани;<br>• <u>Квалитативно:</u> ниво на задоволство на учесниците; | 10.2011<br>09.2012 | | Министерството за труд и социјална политика и<br><br>Агенцијата за вработување на РМ | Програма за самовработување: аплицирале вкупно 76 лица Роми, од кои 23 лица се селектирани за обука, додека одобрени им се грантови на вкупно 6 лица Роми.<br>Програма за самовработување со кредитирање: Се пријавиле вкупно 12 лица, а склучени се договори со 3 лица Роми. | При доделување на грантови за вработување и самовработување да се афирмира вклучување на Роми во улога на имплементатори. |
| 4. Креирање на дополнителни | • Процент од вкупниот број на програми | 10.2011<br>09.2012 | | Министерство за труд и социјална | Во Оперативниот план за активните | МТСП има има една програма/ мерка |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| програми/мерки за вработување кои се однесуваат на Ромите (во сите постоечки програми, со фокус на Ромите) | наменети за Ромите;<br>• Број на програми насочени кон Ромите;<br>• Број на имплементирани програми насочени кон Ромите;<br>• Број на Роми учесници во таквите програми;<br>• Број на Роми учесници во „општи‟ програми;<br>• Број (или процент) на Роми кои успешно ја завршиле програмата;<br>• Број на Роми вработени по завршувањето на програмата;<br>• <u>Квалитативно:</u> ниво на задоволство на учесниците; | | | политика<br><br>Агенција за вработување на Република Македонија | програми и мерки за вработување за 2013 година, исто како и во ОП за 2012 година, Ромите се вклучени како целна група во Програмите за инклузивен раст (Програма за субвенционирање, Пилот програма за субвенционирање на плодоуживатели на државно земјоделско земјиште, Програма за организирање на Јавни работи, Програми со комбинирани пакети на поддршка за вработување итн.). Целните групи се родово чувствителни што значи дека на целните групи не им се одзема правото за учество во различните видови на програми | која е посебна насочена за вработување на Ромите, и врз основа на истата, да се креираат повеќе такви програми каде што како целна група ќе се опфатат Ромите. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | опфатени со Оперативниот план, имајќи ги предвид условите и критериумите предвидени во истите. Бројната состојба околу повеќето од овие Програми/мерки од 2013 година е забележана во горниот дел од овој извештај. | |
| 5. Вклучување на Ромите бегалци во постоечките и идните мерки за вработување | • Број на Роми бегалци кои учествуваат во програмите за вработување;<br>• Број на Роми бегалци кои останале во работен однос по завршувањето на програмата; | 10.2011<br>09.2012 | | Министерство за труд и социјална политика<br><br>Агенција за вработување на Република Македонија | Бегалците се вклучени во ОП за вработување за 2013 година како целна група преку МТСП/УНХЦР програма. Во 2013 година заклучно со ноември беа одобрени 6 проекти за субвенционирано вработување, 6 проекти за стручна дообука, 1 проект за 6 лица за доформување на основното образование. Вкупно на 32 лица им беше асистирано во | Тековно се спроведуваат активности планирани за 2013 година согласно проектот. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | процесот на вадење на лична работна дозвола. | |
| 6.Континуирано информирање на Ромите за постоечките мерки и активности за вработување | • Број на информативни кампањи (т.е. Ромски информативен центар, невладини организации, итн.);<br>• Број на информативни материјали (на ромски и македонски јазик) – постери, летоци, интернет објави;<br>• Број на лица запишани во активните мерки програми за пазарот на труд;<br>• Големина на буџет:<br>o Доделен;<br>o Потрошен; | 10.2011<br>09.2012 | | Министерство за труд и социјална политика<br><br>Агенцијата за вработување на РМ | РИЦи континиурано известуваат во ромските заедници за тековните мерки и огласи за вработување согласно оперативниот план за вработување за 2013 година. | Изработка на промотивен материјал за информирање на постоечките мерки и активности за вработување, како и организирање на семинар за РИЦ и НВО за оспособување како навремено и точно информациите за постоечките мерки и активности да ги проследат до ромското население |

## ***АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ДОМУВАЊЕ***

| | **Идикатор** | **Временска рамка** | **Буџет во Евра** | **Носители** | **Статус** | **Кратко образложение** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Измени и | • Изработен предлог за | 10.2011 | | Министерство за | Рокот за | Поради особено |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| дополнување на Законот за легализација на диоградби | пролонгирање на Законот;<br>• Спроведено истражување со цел идентификација на фактичкиот број на Роми/ромски фамилии кои немаат документи за сопственост на нивните живеалишта; | 09.2012 | | транспорт и врски | аплицирање согласно закон е завршен и нема да има пролонгирање на датумот за аплицирање.<br><br>Број на примени апликации, во Република Македонија изнесува вкупно 353.060. | големиот процент на Роми кои немаат домкументи за сопственост за нивните живеалиште, а голем процент од нив не го искористија крајниот рок за аплицирање, има потреба да се продолжи рокот. |
| 2. Континуирано информирање на Ромите за процедурата за потребна докумантација за легализација кај ромската заедница. | • Број на информативни кампањи;<br>• Број на информативни кампањи (на ромски и македонски јазик);<br>• Број на информативни состаноци/работилници;<br>• Број на учесници на состаноците/ работилниците;<br>• Број на Роми кои аплицираат за мерки за легализација;<br>• Големина на буџет:<br>o Доделен;<br>o Потрошен; | 10.2011<br>09.2012 | | Министерство за транспорт и врски, Управа за катастар, општините и ромските Информативни Центри | По донесување на законот од страна на Министерство за транспорт и врски беше реализирана широка кампања со цел да се запознаат граѓаните со постапката и крајниот рок за поднесување на барања. За таа цел исто така беа одржани работилници во оштините. | Поради поголема информираност на ромската заедница околу процедурата за легализација на дивоградбите, постои потреба од организирање на работилници од страна на Министерство за транспорт и врски, Управа за катастар, општините и Ромските Информативни Центри. |
| 3. Ослободување од надоместоци за административни | • Број на корисници Роми ослободени од плаќање на | 10.2011<br>09.2012 | | Министерство за транспорт и врски | РЕАЛИЗИРАНО Ромите беа ослободени од | Поради финансиска неможност, социјално |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| такси и надоместоци за добивање на потребните документи за легализација на дивоградби за социјално загрозените лица. | административни такси;<br>• Големина на (државниот) буџет алоциран со цел да го покрие трошоците од изземените такси;<br>• Процент на одобрени<br>• апликации за ослободување од плаќање на такси; | | | Министерство за труд и социјална политика | административните такси за обезбедувањето на потребните документи за аплицирање за легализација на дивоградби.<br><br>Барателите корисници на социјална помош не плаќаат надоместок за утврдување на правен статус на бесправен објект согласно законот, исто така се ослободени се од плаќање административна такса за потребната документација за легализација. | загрозените лица да ги подмират трошоците за лелегализација на своите живеалишта, има потреба истите лица да се ослободат од плаќање на административни такси и надоместоци. |
| 4. Легализација на дивите населби населени со Роми и предвидување на истите во рамките на ДУП на општината во која припаѓаат | • Евалуација на број на единици на локална самоуправа каде е потребна измена на ДУП;<br>• Број на единици на локална самоуправа со изменети ДУП; | 10.2011<br>09.2012 | | Министерство за транспорт и врски, општините | ******* | Креирање на механизам во рамки на законската регулатива со кој ќе<br><br>се обезбеди легализација на дивите населби и изнаоѓање на решение за да бидат дел од ДУП на |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | општината на која припаѓаат. |
| 5. Соработка на централната и локалната власт при донесување на урбанистички решенија за Ромите со цел при нивно донесување да се земе во предвид да се спречи географската поделба на Ромите од останатото население. | • Број на пријавени Меморандуми за разбирање кои се имплементираат;<br>• Број на координирани урбанистички планови (со фокус прашањето, на географска сегрегација);<br>• Број на Роми кои се здобиле со бенефиции од координираните урбанистичи планови;<br>• Квалитативно: Степен на задоволство во поглед на координацијата помеѓу локалната и централната власт; | 10.2011<br>09.2012 | | Министерство за транспорт и врски, општините | За ова прашање од особено значење е мислењето - предлозите на општините кои се надлежни за изготвување на урбанистичко - планска документација. | Имплементација на потпишаните Меморандуми за соработка помеѓу ЕЛС и Кабинетот на министерот без ресор. |
| 6. Зголемување на буџетските средства за станбените проекти како и за комунално инфраструктурни | • Зголемување за 5% (од 10% до 15%) од државниот буџет за проекти за домување наменети за Ромите;<br>• 100% зголемување на | 10.2011<br>09.2012 | | Министертсво за транспорт и врски<br><br>Кабинет на министер без ресор Неждет | *******<br>Во Буџетот на Република Македонија - Министерство за транспорт и врски | Голем процент на ромски населби во Македонија ја немаат потребната миниум инфраструктура, |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| проекти, наменети за ромската заедница за 2012 година | државниот буџет доделен на инфраструктурните проекти наменети за Ромите;<br>• Владини одлуки за зголемување на буџетот;<br>• Стапка на апсорпција: процент на апсорбирани средства наспроти доделени средства; | | | Мустафа | за 2013 година утврдени се средства во износ од 10.000.000 денари, наменети за реализација на проекти од комуналната инфраструктура, кои проекти се реализираат во соработка со општините.<br>Во месец јуни 2013 година согласно предложените проекти и доставената потреб документација од страна на општините извршена е распределба на средствата на 8 општини.<br>Проектите се реализираат дставена е потребната исплатан документација од страна на 8 општини до Министерството за транспорт и врски Се очекува до крајот месец декември 2013 година, по извршен увид, распределените | сеуште. Потребно е обезбедување на поголеми финансиски средства во рамки на Буџетот на Република Македонија, со зголемување на постојните 10% на 15% за станбените проекти како и двојно зголемување на средствата за комунално инфраструктурни проекти. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | средства да бидат исплатени. | |
| 7. Отворање и развивање на мрежа на прифатни центри за згрижување на бездомни лица | • Број на предвидени дневни центри;<br>• Број на отворени дневни центри;<br>• Број на корисници на дневните центри (месечно);<br>• Број на лица вработени во дневните центри;<br>• Големина на (државниот) буџет доделен за:<br>o Изградба/поправка на дневните центри;<br>o Функционирање на дневните центри; | 10.2011<br>09.2012 | | Министерство за труд и социјална политика | Прифатниот центар за бездомни лица веќе е организациона единица на ЈУ МЦСР на Град Скопје. Во соработка со Црвениот крст на Град Скопје има уште еден прифатен пункт за бездомни лица за згрижување во времетраење од 24-48 часа. Отпочната е и имплементација на Програма за патролна социјална работа која им дава поддршка на овие лица на самото место каде ќе бидат затекнати. | Се планира Проширување на услугите од привремено згрижување на бездомни лица во оние општини каде ги има.<br>Во 2014 година се планира проширување на Програмата за патролна социјална работа во општините Карпош и Кисела Вода. |
| 8. Изградба на станбени објекти за Ромите бегалци и внатрешно раселени лица | • Број на станбени згради/ предвидени за за Ромите бегалци и внатрешно раселените лица; | 10.2011<br>09.2012 | | Министерство за труд и социјална политика | Од МТСП/УНХЦР под-договор, активности за изградба на 20 станбени единици: изградбата на | Во месец јануари 2013 година отпочнати се подготвителни активности и одржан е координативен |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | • Број на Роми (бегалци внатрешно раселените лица) корисници сместени во станбени згради/домови;<br>• Вкупно (државни) буџетски средства наменети за изградба на станбени згради /домови што се предвидени за Ромите бегалци и внатершно раселените лица | | | | станбените единици во Визбегово наменети за лицата бегалци е во завршна фаза. Согласно предвидената динамика истите треба целосно да бидат изградени до крајот на 2013 година.<br><br>Одобрениот ИПА проект предвидува изградба на 100 станбени единици во 2014/2015 година. Стамбените единици ќе бидат изградени во општина Сарај од кои (80 се наменети за семејства бегалци од кризата во Косово со регулиран статус во земјата и 20 за семејства - внатрешно раселени лица од Радуша). | состанок со ЕУ делегација во Скопје за реализација на ИПА компонента наменета за изградба на 100 станбени единици. |

*** **Точка 4** Согласно законот, ЕЛС се должни средствата собрани од надоместокот за легализација да го користат наменски и тоа за донесување на урбанистичка планска документација со која се врши вклопување на бесправните објекти во урбанистичко-планска документација и за инфраструктурно уредување на просторот во кој се наоѓаат истите. Исто така ЕЛС се должни да доставуваат годишен извештај за користење на овие средства до МТВ. За ова прашање од особено значење е мислењето на општините по однос на легализација на дивите населби населени со Роми како би можеле да бидат дел од урбанистичката планска документација на општината на која припаѓаат.

*** **Точка 6** По **Проектот домување на социјално ранливи групи Ф/П 1674**, кој со 50% (25.350.000 Евра) се финансира со заем од Банката за развој при Советот на Европа и 50% (25.350.000 Евра) од Буџетот на РМ, до 2014 година ќе се изградат вкупно 1754 стана во 32 објекти во 26 градови на територијата на РМ.

На почетокот на **2013** година доставени се решенија на корисниците на социјален стан под закуп и тоа во градовите:

- Штип 91 стан, **за ромски семејства распределени се 15 стана;**
- Битола 78 станови, **за ромски семејства распределени се 12 стана;**
- Берово 50 станови, **за ромски семејства распределени се 14 стана.**

За распределените 30 стана во Берово помеѓу лицата и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката склучени се договори за закуп на стан и становите се вселени.

За распределените во Берово за 20 стана, по вториот оглас во тек е жалбениот период по доставените Решенија за распределба на становите.

За извршената распределба на становите во градовите Битола и Штип во тек се тужбени постапки пред Управниот суд на Република Македонија.

Досега од овој проект од изградените 11 објекти со вкупно 559 стана.

Од изградените и распределени станови, за семејства припадници на Ромската заедница распределени се 102 стана под закуп, од сите седум категории на социјални ранливи групи утврдени со Одлуката на Владата на Република Македонија за распределба на социјални станови.

До крај на 2013 година почеток на 2014 година, согласно **Проектот домување на социјално ранливи групи Ф/П 1674,** планирано е да се отпочне со градба на уште 3 објекти со 425 стана и тоа: Скопје со 312 стана, Кочани со 43 стана и Гостивар со 70 стана.

Во тек на градба се објектите во: Прилеп -Точила 2 со 76 стана, во Демир Хисар со 25 стана и Ресен со 18 стана.

Со заклучок на Влада од 89-тата седница, одржана на 09.10.2012 година, се задолжува Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката – Скопје, при секоја изградба на комерцијални станови минимум 10% од просторот да биде наменет за изградба на социјални станови за социјално загрозени семејства и деца без родители.
10% од просторот да биде наменет за изградба на социјални станови за социјално загрозени семејства и деца без родители.

Со заклучок на Влада од 89-тата седница, одржана на 09.10.2012 година, се задолжува Акционерско друштво за изградба  и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката – Скопје, при секоја изградба на комерцијални станови минимум 10% од просторот да биде наменет за изградба на социјални станови за социјално загрозени семејства и деца без родители.

10% од просторот да биде наменет за изградба на социјални станови за социјално загрозени семејства и деца без родители.

## ***АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ОБРАЗОВАНИЕ***

| Мерки /Активности | Индикатор | Временска рамка | Буџет во Евра | Носители | Статус | Кратко образложение |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Намалување на бројот на ромски деца во одделенијата/училишта за деца со посебни потреби. | • Број на ученици Роми во специјалните училишта на почетокот на периодот;<br>• Број на ученици Роми во специјалните училишта на крајот на периодот;<br>• Вкупен број на деца Роми на училишна возраст (да се спореди со специјалните училишта);<br>• Број на нови административни насоки за специјалните училишта:<br>o Роми;<br>o Не-Роми; | 10.2011<br>09.2012 | | Министерство за образование и наука, единици на локална самоуправа | Државниот просветен инспекторат  во рамки на инструментот “Индикатори за оценување на квалитетот на работат на воспитно-образовните установи во РМ“, во подрачјето 2.2 Задржување/ осипување на учениците , редовно врши надзор  врз училиштата за условите  за запишување на сите деца од реоните.  Во овој дел вклучени се и условите за | Како посебен проблем со кој се соочуваат ромските деца, претставува нивното сместување во специјалните училишта. Најчест пример на такви случаеви имаме при запишувањето на ромските деца во основните училишта,  пред се поради недоволно познавање на македонскиот јазик. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | запишување на деца со посебни образовани потреби земајќи ги во предвид мерките кои што се предвидени во овој акциски план. | |
| 1.1. Изработка на Правилник за оценка на специфичните потреби на лицата со попреченост | • Изработен Правилник;<br>• Усвоен Правилник; | | | Министерство за труд и социјална политика<br><br>Министерство за здравство | Во соработка со канцеларијата на УНИЦЕФ,МОН,МЗ и други релевантни чинители изготвен е нов модел за проценка на потребите на лицата со пречки во развој со цел да се обезбедат адекватни социјални, здравствни и образовни услуги. Моделот е изработен во согласност со Меѓународната класификација на функционирање (МКФ), со придружната Верзија за деца и младинци (МКФ-ДМ). Со новиот модел фокусот се става на проценка на развојното ниво | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | што може едно лице да го достигне доколку се отстранат ограничувањата за нивно учеството.Овој документ е составен од два дела. Во првиот дел се објаснуваат кои промени се воведуваат со предлог модел, а во вториот дел е даден предлог правилникот за проценка на децата и младинци со пречки во развој и нацрт обрасци за да се врши таа проценка.Истиот ќе биде даден на јавна расправа во првата половина на 2014 година. | |
| 1.2. Формирање на 4 регионални Комисии за издавање на наоди и мислење за вклучувањето на децата во специјални училишта и формирање второ - степена комисија која | • Формирани 4 регионални Комисии;<br>o Усвоени правила за работата на Комисиите;<br>o Број на ангажиран персонал на Комисиите; | | | Министерство за труд и социјална политика<br><br>Министерство за здравство | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ќе врши увид на издадените наоди и мислења | • Број на наоди и мислења издадени од страна на Комисиите;<br>• Формирана една второстепена Комисија:<br>o Усвоени правила за работата на Комисиите;<br>o Број на ангажиран персонал на Комисиите;<br>• Број на наоди и мислења во кои што се увидени превиди;<br>• Број на одбиени/ревидирани одлуки на Комисиите;<br>• Број на предмети разгледани од страна на Комисиите и поделени на:<br>o Роми;<br>o Не-Роми;<br>o<br>• <u>Квалитативно:</u> утврдување на причините за сместување на децата во специјани училишта; | | | | | |
| 2. Ослободување од | • Усвоена Уредба за | 10.2011 | | Министерство за | Континуирана | Со цел |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| надоместоци за плаќање на дневен престој во јавните детски установи за социјално загрозените семејства заради овозможување на пристап во предучилишното образование. | ослободување од плаќање на надоместоци;<br>• Вкупен број на социјално ранливи (ромски) семејства;<br>• Број на деца од социјално ранливите (ромски) семејства;<br>• Број на семејства кои имаат право на ослободување од плаќање на надоместоци;<br>• Број на барања за ослободување од плаќање на надоместоци;<br>• Број на одобрени барања за ослободување од плаќање на надоместоци; | 09.2012 | | труд и социјална политика, општините и јавните детски установи | активност. Во рамки на проектот за предучилишно образование, МТСП ги покрива надоместоците за плаќање на дневен престој за деца на возраст од 4,5 до 5,7 години, од социјално загрозени семејства на Роми. | овозможување на ран детски развој, подобрување на социјалните вештини и совладување на македонскиот јазик, од особена важност е ослободување на плаќање надоместоци за социјално загрозените семејства. |
| 3. Вклучување на децата на Ромите бегалци во проектот Инклузија на деца Роми во предучилишното образование | • Вкупен број на деца на Ромите бегалци на предучилишна возраст;<br>• Број на деца на Роми бегалци вклучени во предучилишните установи;<br>• Ревидиран опис на проектот (усвоен, одобрен) со цел | 10.2011<br>09.2012 | | Министерство за труд и социјална политика | Заклучно со 30 ноември 2013 година<br>16 деца го исполнуваа возрасниот критериум за упис. Од 13 деца чии родители искажаа желба нивни деца да посетуваат градинка 7 деца, беа здрави и | Во јануари 2013 година беа одржани координативни состаноци за планирање на уписот на децата во учебната 2013/2014 година. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | вклучување на децата на Ромите бегалци; | | | | вклучени во градинка. Другите 6 деца по добивање на лекарска потврда дека се здрави ќе посетуваат градинка. | |
| 4. Редовен мониторинг и евалуација на редовноста во предучилишно и основното образование | • Изработен и усвоен концепт за мониторинг и евалуација;<br>• Извештаи за мониторинг и евалуација;<br>• Број на експерти назначени како директно одговорни за мониторингот и евалуацијата;<br>• Број на предучилишни установи во кои е извршен мониторинг и евалуација;<br>• Број на училишта во кои е извршен мониторинг и евалуација;<br>• 1 конференција/ состанок со цел дискутирање на наодите од мониторингот и евалуацијата; | 10.2011 09.2012 | | Министерство за образование и наука<br><br>Министерство за труд и социјална политика и единици на локална самоуправа | Воведување политики за Ромски образовни медијатори (Националниот Ромски Центар и Министерството за образование и наука ќе потпишат меморандум за соработка за имплементација на политиката за воведување на ромски образовни медијатори со кој ќе се уреди изработката на проект за ромски образовни медијатори, базиран на добрата пракса од сличниот проект реализирани во министерство за здравство). | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | • Извештаи за мониторинг и евалуација објавени на веб-страната на Министерството за образование и наука; | | | | | |
| 5. Сместување на децата од улица во транзитните центри | • Број на деца сместени во транзитните центри (ТЦ) – поделени на:<br>o Роми;<br>o Не-Роми;<br>• Број на ТЦ<br>o Број на нови ТЦ;<br>o Вкупен број на ТЦ;<br>• Процент на сместувања во ТЦ во споредба со претходниот период (% на зголемување или % на намалување);<br>• <u>Квалитативно:</u> утврдување на причините за сместување во ТЦ; | 10.2011 09.2012 | | Министерство за образование и наука<br><br>Министерство за труд и социјална политика<br><br>Министерство за внатрешни работи. | Во насока на обезбедување на заштита на децата од улица, кои во текот на летната сезона престојуваат во Охрид, отворен е Транзитен центар за деца на улица во оваа општина. Подготвен е Акциски план за отворање на дневен центар за деца на улица во Прилеп.<br>Во тек се активности за проширување на мрежата на дневни центри за деца на улица во општина Прилеп. Обезбеден е простор, избран е изведувач, обезбедени се средства во Буџетот на МТСП | Зголемениот број на децата на улица, има потреба од нивно сместување во нови транзитни центри, во кое ќе им биде обезбедено дневна и ноќна заштита |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | за 2014 година. Рок за отворање на Дневниот центар е март 2014 година. Програмата за патролна социјална работа е проширена и во други градови надвор од Скопје. Патролната социјална работа успешно ги заврши своите активности за 2013 година во општините Центар, Гази Баба, Ѓорче Петров, Охрид и Велес. Се планира започнување на програмата во 2014 година во општините Карпош и Кисела Вода. | |
| 6. Промовирање на поголема практична примена на Прирачникот за не-дискриминација | • Број на училишта и наставници кои го применуваат Прирачникот;<br>• Број на Прирачници:<br>o испечатени;<br>o дистрибуирани;<br>• <u>Квалитативно:</u> анкетирање за добивање на коментари/мислења од страна на | 10.2011<br>09.2012 | | Министерство за образование и наука | Во тек е примена на прирачникот!<br>-2 обуки за државните и локални инспектори,<br>- Презентација во 5 градови: Скопје, Прилеп, Тетово, Штип, Куманово,<br>-96 средни училишта, | Со цел да се подигне свеста на учениците за заеднички меѓуетнички соживот од особена потреба е Прирачникот за не-дискриминација да има поголема примена во основните и средните училишта. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | учениците и наставниците за ефектот од примената на Прирачникот; | | | | - 358 основни Дистрибуирани 1000 примероци на македонски јазик, 2000 електронски, преведени на 7 јазици. Планирано е во текот на 2014 година Прирачникот да биде дел од индикаторите кои се содржат во интегралната евауација што ја спроведува Државниот просветен инспекторат. | |
| 7. Развивање на мултиетнички наставни програми во училиштата со ученици Роми | • Број на развиени програми;<br>• Број на применети програми;<br>• Број на сегрегирани одделенија и училишта;<br>• <u>Квалитативно:</u> анкетирање за добивање на коментари/мислења од страна на учениците и наставниците за ефектот на програмите; | 10.2011<br>09.2012 | | Министерство за образование, Биро за развој на образование | Проектот – Поддршка на интеграцијата на етничките заедници во образовниот систем-твининг проект во рамки на ИПА. Во август 2013 направена е презентација на проектот. Во рамки на проектот досега реализирани се активности во насока на анализа | За да се оневозможи сегерегација на ромските ученици |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | на постоечките наставни програми и изработка на прирачник за нивно ажурирање.<br><br>Во овој период се заврши анализата на 10-те наставни програми одбрани од страна на Управата и паралелно во овој период се изготвија и предлозите за обновување на наставните програми со воведување на интеркултурни елементи. | |
| 8. Развивање на посебни програми за образование на возрасни лица. | • Број на развиени програми;<br>• Број на применети програми;<br>• Број на возрасни ученици запишани во таквите програми; | 10.2011<br>09.2012 | | Министерство за образование, установи за доофформување на образование на возрасни | Во моментов во Центарот за образование на возрасни во тек е реализиација на Твининг проект кој содржи три компоненти | Реализација на конкретни активности во насока на доформување на образованието на возрасни лица |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | • Број (или процент) на учесници кои успешно ги завршиле програмите;<br>• <u>Квалитативно:</u> ниво на задоволство на учесниците; | | | | од кои во третата развивање на шест програми за описменување и дооформување на основно образование за исклучени лица, при што се планира да се вклучат Ромите како една таргет група. | |
| 9. Распределбата на буџетот од централно на општинско ниво во насока на отворање на нови образовни установи | • Усвоена регулатива според принципот „Парите го следат детето";<br>• Број на новоотворени образовни установи;<br>• Процент на промена на буџетот доделен за 2012 во споредба со 2011; | 10.2011<br>09.2012 | | Министерство за труд и социјална политика<br><br>Министерство за образование и наука | Доградба на основното училиште браќа Рамиз и Хамид;<br><br>Доградбата на ОУ Браќа Рамиз и Хамид започна. Во училиштето ќе има 18 нови училници и 3 кабинети за предметна настава.<br><br>Изградба на средно училиште во општина Шуто Оризари;<br><br>Привршува изградбата на средното училиште.<br><br>Буџетот на Министерството за | Распределбата на буџетот од централно на општинско ниво треба да биде направена според бројот на ученици (принципот „Парите го следат детето") наместо фиксни износи поврзани со бројот на образовни установи.<br><br>Во моментот во рамки на МТСП се спроведува Проектот условени парични надоместоци во средно образование. Во моментот се |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | образование и наука за оваа намена за 2013 година износува вкупно 105 011 368,00 МКД, од кои 66 000 000,00 МКД се за доградбата на на ОУ Браќа Рамиз и Хамид, а 39 011 638,00 МКД за довршување на градбата на средното училиште во општина Шуто Оризари.<br>За 2012 од МОН се издвоени 13 милиони и 500 денари; | доработува нов софтвер и кој ќе биде функционалне за УПН од СЕП 2012 |

***<u>АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ЛИЦА БЕЗ ДОКУМЕНТИ И РОМИТЕ БЕГАЛЦИ</u>***

| Активност/ мерки | Индикатор | Временска рамка | Буџет во Евра | Носители | Статус | Кратко образложение |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Усвојување на препораките дадени во 2010 година од страна на меѓуресорската група за лица без документи | • Усвоени препораки;<br>• Број на целосно имплементирани препораки;<br>• Број на неимплементирани препораки;<br>• Квалитативно: утврдување на нивото на импементација на препораките (вклучувајќи ги и причините за нивното неимплементирање); | 10.2011<br>09.2012 | | Управата за водење на матична книга на евиденција<br><br>Министерство за труд и социјална политика<br><br>Министерство за внатрешни работи | Добиени се податоци за 404 предмети од кој што обработени се 305 предмети за кои што е добиено мислење од Управата за водење на матични книги на родените и МВР.<br><br>Од 305-те прашалника кои се обработени по превземање на дејствија од страна на невладините организации успешно е завршен процесот за запишување на уште 41 лица во матичните книги на родените, при што бројот на запишани деца од вкупно 405 во моментот изнесува 122 деца. | Иако препораките не се усвоени отпочната е акција на терен за решавање на проблемот на овие лица.Заклучно со декември 2011 евидентирани се 229 лица за кои е отпочната процедурата за целокупната правна поддршка неопходна за да бидат заведени во матичната евиденција, односно да добијат матичен број |
| 2.Ослободување од плаќање на трошоци, казни за задоцнета регистрација и надоместоци за ДНК тестирање потребни за утврдување на идентитет | • Усвоена Уредба за ослободување од плаќање на такси;<br>• Вкупен број на лица кои ги исполнуваат условите;<br>• Број на барања за ослободување од плаќање на такси;<br>• Број на одобрени барања за ослободување од плаќање на такси;<br>• Број на лица на кои им се издадени лични документи; | 10.2011<br>09.2012 | | Управа за водење на матична книга на евиденација<br><br>Министерство за труд и социјална политика | Од направените ДНК-а анализи за 33 лица за три лица е донесено решение за враќање на предметите на повторно одлучување на првостепениот орган а поголем дел од спорните постапки односно 22 постапки во градовите Скопје, Тетово и Гостивар се решени позитивно. | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| 3. Промоција на постоечките и идни проекти на соодветните државни институции во соработка со РИЦ и НВО | • Број на информативни кампањи;<br>• Број на информативни материјали (на ромски и македонски јазик);<br>• Број на информативни состаноци/ работилници;<br>• Број на учесници на работилниците/ состаноците;<br>• Големина на буџет:<br>o Доделен;<br>o Потрошен;<br><br>• Број на Роми кои поднеле барање за лични документи; | 10.2011 09.2012 | | Управа за водење на матична книга на евиденација | Континуирана соработка со UNHCR, НРЦ и МЗМП.<br>Во соработка со UNHCR изработени се брошури на повеќе јазика за матичната евиденција.<br>Во соработка со НРЦ извршени се посети на семејства во нивните домови. | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. Утврдување на бројот на лица без лични документи | • Број на идентификувани лица кои не се регистрирани;<br>• Број на идентификувани деца кои не се регистрирани; | 10.2011<br>09.2012 | | Министерство за внатрешни работи<br><br>Управа за водење на матични книги на евиденција | Според досегашните активности утврдена е бројка од 404 лица. | |
| | | | | | | |
| 5. Измени и дополнување на Законот за здравствено осигурување | • Усвоени измени на Законот;<br>• Број на информативни кампањи кои целат на:<br>o Заедниците на Ромите бегалци;<br>o Здравствени ентитети и персонал; | 10.2011<br>09.2012 | | Министерство за здравство | Заклучно со јуни 2013 година вкупно 339 носители односно 599 лица со статус на признаен бегалец / супсидијарна заштита се здравствено осигурани преку ФЗОМ. Во тек е постапката за издавање на електронски здравствени картички за сите осигурени лица преку ФЗОМ. | МТСП врши регистрација и ги покрива трошоците за здравствено осигурување кон ФЗОМ |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| 6. Обезбедување на соодветни финансиски средства за домување на бегалците | • Големина на буџет доделен според:<br>o Држава;<br>o Донатори;<br>• Големина на буџет потрошен според:<br>o Држава;<br>o Донатори;<br>• Процент на зголемување или намалување на државниот буџет во споредба со претходната година;<br>• Број на обезбедени установи за домување;<br>• Број на корисници на кои им е обезбедено домување;<br>• Вкупен број на потенцијални корисници (кои имаат потреба од ново | 10.2011<br>09.2012 | | Министерство за транспорт и врски<br><br>Министерство за труд и социјална политика | Сместување /програма за интеграција<br>Со Програмата за интеграција на бегалците, за бегалците вклучени во процесот на локалната интеграција МТСП обезбедува финансиски средства за домување:<br>- парична помош за кирија и режиски трошоци.<br>- исплатата се изведува на месечна основа.<br>Во просек, МТСП на 120 семејства им обезбедува парична помош за закупнина и комунални трошоци.<br>МТСП не располага со специјални установи за сместување/домување на бегалците. | Прашањето на домување МТСП го разгледува од аспект на краткорочно и долгорочно решавање. Долгорочните решениа предвидуваат решавање на домувањето преку изградба на станови кои ќе се даваат на бегалците на користење (види точка 8. во Акциски план за домување).<br>МТСП ќе обезбедува парична помош за сместување по |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | домување); | | | | | основ на Програмата за интеграција. МТСП просечно секој месец обезбедува финансиски средства за приватно сместување на 475 лица. |
| 7. Потпишување и ратификување на конвенцијата на лица без државјанство | • Потпишана конвенција;<br>• Ратификувана конвенција; | 10.2011<br>09.2012 | | Министерство за внатрешни работи | Министерството за внатрешни работи, достави до Владата на Република Македонија, Информација за отпочнување на постапка за пристапување и ратификација на Конвенцијата за намалување на бездржавјанството на Организацијата на обединетите нации.<br>На 87та седница на Владата на Република на Македонија, е симната од дневен ред Информацијата за потребата од отпочнување на постапката за пристапување и ратификација на Конвенцијата за намалување на бездржавјанство на Обединетите Нации изработена од страна на МВР, поради отсуство на анализа со проценка на резултатите од пописот во РМ и последиците што ќе произлезат со ратификација на предметната Конвенција за РМ. | Ажурирањето на податоците се однесува на Конвенцијата за намалување на бездржавјанство на Организацијата на обединетите нации донесена 1961 година. |